РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / E pranuar
Орг. Един. / Nj. org
14-568/25

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Скопје / Shkup

| Примено: E pranuar: | 26.10.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 14-568/25 | | | |

# Записник од 55 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 30.09.2022 година | **Време** | 13.00 – 14.30 часот |
| **Бр. на седница** | 55-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Блерта Превала Етеми – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>6. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>7.Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов (МИОА), Букурие Јашари (МИОА) | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 14.9.2022 година.<br>2. Усвојување на шестиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.<br>3. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 55-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите члена на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,** Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 54-та седница, одржана на 14.09.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,** Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на шестиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.

Членот на НКБК Настеска направи краток осврт на процесот на подготовка на Извештајот, вклучените институции како и податоците кои се користеле за подготовка на Извештајот.

Воедно, Настеска информираше дека измените на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства веќе се објавени во Службен Весник,поставен на страната на Агенцијата, и дека со тоа на Агенцијата и се овозможува да побарува дополнителни податоци (согласно новата DESI методологија) од страна на операторите.

По завршувањето на дискусијата, претседателот на телото Буковалов го стави на гласање шестиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата.**Заклучок:** НКБК едногласно го усвои шестиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП. Извештајот ќе биде поставен на веб страната на НКБК, а ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија.

**За третата точка од дневниот ред,** Во рамките на точката „Разно“, Буковалов информираше за планираните активност на ЈП МРД (согласно Заклучок на Владата) кои се однесуваат на одржување јавни состаноци со заинтересираните оператори и локалните самоуправи за реализацијата на проектот обезбедувањето бесплатен безжичен WiFi на одобрени туристички локации. На јавните состаноци ќе треба да бидат вклучени МИОА, НКБК и АЕК. Се очекува предлог презентацијата на ЈП МРД за планираните состаноци да биде доставена до членовите на НКБК.

[redacted]

Записникот го водеше претседателот на НКБК
**Димитар Буковалов** ____________